SYNLAB

www.synlab.mk

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПЗУ СИНЛАБ И РЕГИСТРИРАНИТЕ ПОДРУЖНИЦИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

ИЗДАНИЕ 2017

# Содржина

ВОВЕД ... 3
ОПШТИ ОДРЕДБИ ... 3
ПРИНЦИП 1 ... 3
ПРИНЦИП 2 ... 4
ПРИНЦИП 3 ... 4
ПРИНЦИП 4 ... 4
ПРИНЦИП 5 ... 5
ПРИНЦИП 6 ... 5
ПРИНЦИП 7 ... 6
ПРИНЦИП 8 ... 6
ПРИНЦИП 9 ... 6
ПРИНЦИП 10 ... 7
ПРИНЦИП 11 ... 7
ПРИНЦИП 12 ... 7
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 8

# Вовед

Со овој Кодекс се утврдуваат основните етички начела во извршувањето на професионалните задачи на вработените во ПЗУ СИНЛАБ, односите кон клиентите и пациентите како и меѓусебните односи на вработените во ПЗУ СИНЛАБ.

Одредбите од Кодексот се однесуваат на сите вработени во ПЗУ СИНЛАБ: здравствени работници, здравствени соработници и административен персонал. Сите тие се должни да се запознаат со одредбите од Кодексот и да се придржуваат на истите, а Менаџментот на ПЗУ СИНЛАБ е должен на вработените да им овозможи да се запознаат со Кодексот и да го следи почитувањето на неговите одредби.

Против вработените кои не се придржуваат на овие одредби Менаџментот е должен да побара од Управителот да покрене дисциплинска постапка.

Етичкиот кодекс на ПЗУ СИНЛАБ е усогласен со одредбите од Кодексот на однесување на SYNLAB Групацијата(*) и Кодексот на медицинска деонтологија на Лекарската комора на Македонија*.

# Општи одредби

Структурата на Кодексот ја сочинуваат:

Принципи – тие се темели на Кодексот и опфаќаат искажани морални принципи, морални начела и морални вредности, кои се применливи во здравствената дејност со цел воспоставување на етичко однесување на вработените во ПЗУ СИНЛАБ.

Должности - детално ги упатуваат вработените во ПЗУ СИНЛАБ во стандардите на професионалното однесување кои тие мораат да ги прифатат и да ги почитуваат при обавувањето на своите професионални задачи како здравствени работници, здравствени соработници или административен персонал.

# Принцип 1

Сите вработени во ПЗУ СИНЛАБ ги ставаат здравјето, безбедноста и добробитот на пациентите во центарот на своето професионално внимание.

### Должности:

1.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат да поседуваат знаење и стручност од областите на здравствената дејност со која се бават и тие знаења да ги применат за добробит на здравјето на пациентите кои како и секогаш се во центарот на нивното професионално внимание.

1.2 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат јасно да ги одредат границите на својата стручна компетенција, и така да работат и да ја прифаќаат одговорноста за активностите за кои се остручени.

---

* Евидентирани во Листа на надворешни документи и поместени на CITRIX

# Принцип 2

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ градат професионален однос со секој пациент.

**Должности:**

2.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ имаат морална обврска кон сите корисници на здравствени услуги да се однесуваат со еднакво чувство на одговорност и разбирање. Нивната посветеност треба да биде еднаква кон сите пациенти.

2.2 Треба да делуваат така што ќе го препознаат ризикот кај пациентот и ќе го сведат на минимум.

2.3 Го штитат и го унапредуваат здравјето на пациентот водејќи сметка за согласноста на пациентот да се спроведе медицинската интервенција во дијагностички цели.

2.4 Го одржуваат и унапредуваат угледот на ПЗУ СИНЛАБ.

# Принцип 3

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ водат сметка за потребите на пациентот, неговото достоинство и интегритет.

**Должности:**

3.1 Во делокругот на своето работење вработените се одговорни за заштита на интересите и достоинството на пациентот без оглед на неговиот пол, возраст, раса, способност, сексуална ориентација, економски статус, култура, религија и политички убедувања.

3.2 Одржуваат и негуваат професионален однос со пациентот и гарантираат дека сите аспекти на овој однос се однесуваат исклучиво на потребите на пациентот.

3.3 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат во најкраток можен рок да го известат претпоставениот или Раководителот на лабораторијата ако постои било каков приговор на совеста (сомнение) битен за извршување на професионалната задача.

# Принцип 4

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ го почитуваат правото на доверливост и приватност во здравството.

**Должности:**

4.1 Вработените мораат да ги задржат во тајност сите информации за поединецот добиени во текот на вршењето на здравствената дејност, бидејќи сите овие информации се сметаат за професионална тајна.

Покрај личните податоци за поединецот, под професионална тајна се подразбираат: историја на болеста, дијагностички процедури, резултати од лабораториски анализи, препишана терапија или медицински средства.

4.2 Секој вработен мора да биде свесен за потребата да се почитуваат сите доверливи информации.

4.3 Доверлива информација се открива исклучиво во случај:

- кога пациентот ќе даде согласност (или согласност ќе понуди застапник на пациентот,

родител, старател или неговател), доколку пациентот е без свест, со оштетување на мозокот, дементен или ментално болен;

- кога бара Законот;
- кога откривањето на информацијата е за медицински истражувачки цели;
- кога информацијата е потребно да се сподели со други здравствени работници кои учествуваат во здравстената дејност;
- кога држењето на информацијата во тајност би го ставила пациентот или други лица во голема опасност.

# Принцип 5

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ го почитуваат правото на пациентот да добие соодветна здравствена заштита.

**Должности:**

5.1 Вработените се обврзани да го информираат пациентот за достапноста на здравствената заштита.

5.2 Вработените му даваат на пациентот, на нему разбирлив начин, прецизни и јасни информации за начинот на оставрување на правото на здравствена заштита.

# Принцип 6

Мора да постои соработка меѓу вработените и со другите здравствени работници и соработници со цел постигнување подобри резултати во вршењето на своите професионални задачи.

**Должности:**

6.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ ги уважуваат квалитетите и стручноста на своите колеги и останатите здравствени работници и соработници и кон сите се однесуваат чесно и колегијално.

6.2 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ работат тимски при што мораат да остварат успешна комуникација со сите членови на тимот, да ги споделат со нив знаењата и вештините, а се за добробит на пациентот.

6.3 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ се лично одговорни за својата работа и одговораат за своите постапки и пропусти во работата.

6.4 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ ги почитуваат законските прописи, се придржуваат на високи професионални стандарди, го истакнуваат и чуваат достинството на својата професија.

6.5 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ се однесуваат кон колегите на начин на кој би сакале тие да се однесуваат кон нив.

# Принцип 7

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ континуирано се усовршуваат и настојуваат да го збогатат своето знаење и стручна подготовка.

**Должности:**

7.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ ги надоградуваат своите знења и вештини во текот на целиот работен век согласно современите текови и достигнувања во медицинската наука.

7.2 Мораат да поседуваат знаења, вештини и способности кои се неопходни за сигурно и успешно работење.

7.3 Имаат обврска да ги едуцираат младите колеги и да им помагаат на учениците и студентите во совладување на медицинските знаења и вештини.

# Принцип 8

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ имаат обврска да го чуваат угледот на својата професија.

**Должности:**

8.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат во секој момент да се однесуваат така да го истакнуваат и чуваат угледот на својата професија.

8.2 Со својот изглед, носење на пропишаната униформа, со своето однесување мораат да придонесат за стекнување на довербата на пациентите.

8.3 Својот статус не смеат да го користат за промовирање на комерцијални производи и услуги, со намера за остварување личен материјален интерес. Никакви материјални причини не смеат да влијаат на нивното стручно одлучување.

8.4 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат да ги одбијат сите подароци или услуги кои можат да се протолкуваат како обид за стекнување лични повластици или корист.

# Принцип 9

Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат да го штитат пациентот од ризик.

**Должности:**

9.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ мораат да работат на развојот на здравствената нега што придонесува за сигурно, делотворно и етичко работење.

9.2 Во околности во кои не можат да се избегнат последиците кои би ги загрозиле професионалните стандарди, вработените мораат за тоа да ги известат претпоставените по писмен пат.

9.3 Во итни случаи, на и вон работното место, вработените во ПЗУ СИНЛАБ имаат професионална должност да пружат прва помош водејќи сметка за своите компетенции.

# Принцип 10

Осигурување од одговорност.

**Должности:**

10.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ за вршењето на својата професија треба да имаат осигурување од одговорност. Тоа е во интерес на пациентот, здравствениот работник и работодавецот.

# Принцип 11

Почитување на етичките норми.

**Должности:**

11.1 Доколку работникот не е сигурен дали одредена ситуација е во склад со овој Кодекс истиот е обврзан да се посоветува со претпоставените.

11.2 Работникот кој ќе воочи дека неговиот колега ги крши етичките принципи на професионално однесување обврзан е да го предупреди за тоа и да се обидат на неформален начин да го решат проблемот.

11.3 Доколку очигледното кршење на овој Кодекс не може да се реши на колегијален неформален начин, треба да биде известен Раководителот на лабораторијата, а по потреба и Управителот, кои ќе превземат натамошни мерки.

11.4 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ не смеат да се занимаваат со пријави кои имаат за цел некого да го повредат или понижат, туку да ја заштитат професијата.

11.5 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ се обврзани да соработуваат со претпоставените во дисциплинските постапки.

# Принцип 12

Однос кон Стручниот Колегиум и Менаџментот на ПЗУ СИНЛАБ.

**Должности:**

12.1 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ треба да го сметаат Стручниот колегиум за столб на ПЗУ СИНЛАБ и да го чуваат и унапредуваат неговиот углед како во професионалните кругови, така и пред пошироката јавност.

12.2 Вработените во ПЗУ СИНЛАБ се обврзани да ги почитуваат сите акти и одлуки на Менаџментот и на време да ги исполнуваат сите обврски кон Менаџментот.

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Почитувањето на одредбите на овој Кодекс е обврска на сите вработени во ПЗУ СИНЛАБ.
- Повредите и санкциите заради повреда на овој Кодекс ќе се утврдуваат согласно одредбите за санкционирање на кршењето на работниот ред и дисциплина предвидени во Законот за работни односи(*).
- Вработените во ПЗУ СИНЛАБ се обврзани да го одбијат секое дејствие кое е во спротивност со овој Кодекс, а Менаџментот е обврзан да им помогне во тоа со својот углед и со правни средства ако за тоа се укаже потреба.

*Управител,*

*М-р д-р Маја Тодоровска с.р.*

* Евидентирани во Листа на надворешни документи и поместени на CITRIX

SYNLAB

**ПЗУ СИНЛАБ Скопје**
Огњен Прица бр. 1, лок. 3, 4, 5
1000 Скопје
Тел: +389 (0)2 329 69 26
e-mail: adrialab@synlab.com.mk

**ПЗУ СИНЛАБ 1 Скопје**
Париска 24, 1000 Скопје
Тел/факс: +389 (0)2 309 16 10
e-mail: adrialab1@synlab.com.mk

**ПЗУ СИНЛАБ 2 Битола**
Маршал Тито 132, 7000 Битола
Тел/факс: +389 (0)47 23 16 77
e-mail: adrialab2@synlab.com.mk

**ПЗУ СИНЛАБ 3 Тетово**
Крушевска Република 345/1, 1200 Тетово
Тел/факс: +389 (0)44 33 89 89
e-mail: adrialab3@synlab.com.mk

**ПЗУ СИНЛАБ 4 Скопје**
Мајка Тереза 35, Водњанска, 1000 Скопје
Тел/факс: +389 (0)2 311 21 16
e-mail: adrialab@synlab.com.mk

www.synlab.mk